Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица -пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15) Градоначалникот на Општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се организира јавна анкета и јавна презентација АУП за дел од блок 17 урбана единица 2 во Струмица, општина Струмица со површина од 7433,0 м2 кој граничи

- Од север со улица бр. „10“
- Од исток со улица бр. „6“
- Од југ со КП бр.7331/1 и
- Од запад со магистралната улица „Климент Охридски“

Одлуките за организирање на јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на општина Струмица, Сектор за урбанизам и комунални работи, ВЕБ страната на Општина Струмица , „Службен гласник на општина Струмица“ и средствата за јавно информирање.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуките за организирање на јавна анкета.

Заинтересираните граѓани и правни лица , своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. „ Ленинова“ .

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи на ден 27.11.2017 година во 12,00 часот

Општина Струмица
ГРАДОНАЧАЛНИК
Коста Јаневски

Број.09 – 6982/5
14.11.2017 год
Струмица